Врз основа на член 32 од Уставот на Република Македонија, член 217 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05) член 5 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/94) и член 98 од Колективниот договор за култура во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/05), Министерството за култура и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија на ден 20.03.2006 година го склучија следниот

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/05) членот 34 се менува и гласи:

„Сложеноста на работите за одредено работно место утврдени во групи и подгрупи се определува во поединечен Колективен договор склучен на ниво на установа, со примена на коефициент во соодност 1:5“.

Член 2

Членот 35 се брише.

Член 3

Овој колективен договор ќе се регистрира кај органот на државната управа надлежен за работите на трудот и истиот ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Самостоен синдикат за
образование, наука и култура
на Република Македонија,
Претседател,
**Дојчин Цветановски**, с.р.

Министерство за култура
на Република Македонија
Министер,
**Благој Стефановски**, с.р.